## „МОТОЦЕНТАР ПЛУС“ ПРОГРАМА ЗА ЛОЈАЛНОСТ - ПРАВИЛА И УСЛОВИ

### 1. ВОВЕД

Со желба да им обезбеди дополнителни бенефити, предности и награди на своите лојални клиенти, МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје воведува Програма за лојални потрошувачи „МОТОЦЕНТАР ПЛУС“. Со Програмата, согласно со најновите светски стандарди, МОТОЦЕНТАР **ќе ја наградува лојалноста на своите потрошувачи и клиенти**.

Доволно е да пополните Пристапница во некое од продажно-услужните места на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје и ќе добиете бесплатна МОТОЦЕНТАР ПЛУС клуб картичка.

Програмата функционира така што лојалните потрошувачи и клиенти собираат поени за секој купен производ или услуга во МОТОЦЕНТАР, Поените се стекнуваат со купување производи или услуги од асортиманот на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, Поените можат да се искористат за купување производи или за услуги од асортиманот на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, со приложување на МОТОЦЕНТАР ПЛУС клуб картичката.

Дополнително, корисниците на МОТОЦЕНТАР ПЛУС клуб картички имаат ексклузивен пристап до голем број промотивни акции за специјални производи и услуги, по повластени цени, на сите продажни места на МОТОЦЕНТАР ДОО - Скопје.

### 2. ПРАВИЛА И УСЛОВИ НА ПРОГРАМАТА МОТОЦЕНТАР ПЛУС

Правилата и условите за членство во „МОТОЦЕНТАР ПЛУС“ Програмата за лојалност на купувачите на производи и услуги на МОТОЦЕНТАР ДОО - Скопје (во натамошниот текст: „Програма“) ги вклучуваат условите за користење, како и сите други применливи услови, барања, права и ограничувања кои произлегуваат од членството во Програмата. Правилата заедно со било кои други применливи услови и правила поврзани со било кои промотивни понуди кои можат да бидат испратени до членовите на Програмата, претставуваат договор помеѓу Членот на Програмата и Програмата. Со зачленување во Програмата, и нејзино користење, членовите ги прифаќаат правилата, условите, барањата, овластувањата и ограничувањата наведени во овие Правила.

МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, како сопственик на Програмата за лојалност го задржува правото да врши измени и/или дополнувања на Правилата или да ја дополни, измени или укине Програмата. Сите промени ќе бидат објавени на интернет страницата на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, www.motocentar.com.mk, пред нивно стапување во сила.

### 3. ОПШТИ ДЕФИНИЦИИ

1) **Правилата** значат договорни одредби со кои се регулирани условите, правилата и обврските кои произлегуваат од членството во програмата за лојалност и истите претставуваат договорен однос помеѓу МОТОЦЕНТАР и членот на Програмата за лојалност;

2) **МОТОЦЕНТАР ПЛУС Програма** за лојалност значи програма за лојалност на МОТОЦЕНТАР преку која членовите на Програмата за лојалност се стекнуваат со поени и со ексклузивни бенефиции согласно со правилата и со условите за членство во програмата за лојалност;

3) **МОТОЦЕНТАР ПЛУС клуб картичка** е картичка која е поврзана со сметката на членот на Програмата за лојалност на која се евидентираат купувањата на членот на програмата за лојалност, стекнатите и искористените поени, како и други информации согласно со условите на Програмата;

4) **МОТОЦЕНТАР ПЛУС Порталот** е посебно дизајниран дел/интернет страница, каде се наоѓаат сите официјални информации поврзани со Правилата и со Програмата, а членовите на Програмата можат да го користат за проверка на состојбата на сопствените сметки, за информации за тековни промоции, како и други информации од Програмата;

5) **Поен** значи вредносна единица која се пресметува врз основа на реализираните купувања во согласност со правилата и со условите на Програмата.

6) **Издавач и сопственик на картичките** е МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје (во натамошниот текст: „Издавач“);

7) **Член** на програмата за лојалност и корисник на картичката (во натамошниот текст: Корисник) е секое физичко лице, кое: (1) има наполнето најмалку 18 години, (2) има целосно и правилно потполнета, потпишана и активирана пристапница за членство, (3) се придржува кон Правилата за користење, (4) членството во програмата не му е привремено или трајно прекинато од која било причина;

8) **Продажно место** се сите локации на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје,

9) **ПОС Терминал** е уред преку кој се врши размена на податоците меѓу МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичките и процесниот центар;

10) **Пристапница** е документ т.е. образец што треба да го потполни правилно и целосно секој потенцијален Корисник. Правилата и Програмата претставуваат составен дел од Пристапницата. Потпишаната Пристапница заедно со Правилата и со Програмата претставуваат договор помеѓу Корисникот и Издавачот, а потпишаната Пристапница е доказ за склучување на таквиот договор.

## 4. АКТИВИРАЊЕ НА МОТОЦЕНТАР ПЛУС КАРТИЧКА

Откако Пристапницата ќе биде пополнета на начин пропишан со овие Правила и откако Издавачот ќе одлучи да го зачлени потенцијалниот Корисник во Програмата, на Корисникот му се издава картичка МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичка. Картичката МОТОЦЕНТАР ПЛУС е валидна само доколку Корисникот уредно ја потпише пристапницата на лице место, пред овластен претставник на Издавачот.

Картичката е активна веднаш по пополнувањето и по потпишувањето на пристапницата, а потоа се активира личната сметка на Корисникот.

Издавачот ќе го информира Корисникот по електронска пошта за активираната лична сметка и ќе му додели привремена лозинка за првичен интернет пристап до неговата лична сметка. При првичниот интернет пристап до личната сметка, Корисникот ќе треба да ја смени првично издадената привремена лозинка со сопствена трајна лозинка за користење на МОТОЦЕНТАР ПЛУС Порталот.

## 5. СТЕКНУВАЊЕ НА ПОЕНИТЕ

Секој Корисник со активирање на МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичка има право да стекнува поени за трансакциите направени на Продажните места. Поени се стекнуваат така што со извршеното купување на производите и услугите на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје на било кое

Продажно место, Корисникот ја приложува МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичката кај овластениот вработен во една од локациите на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, за да му се впишат стекнатите поени за таа трансакција.

При впишувањето поени, Корисникот е должен лично да ја приложи својата картичка на соодветниот ПОС Терминал и сметката (фактура) од платената трансакција.

Стекнатите поени за секоја трансакција се појавуваат на личната сметка на Корисникот во рок од 24 часа од впишувањето (доколку нема евентуални непредвидливи технички проблеми на продажното место).

Поените се пресметуваат како процент (**2%**) од сумата на сметката за купен производ или услуга, почнувајќи од 01.10.2019 година. За секоја нова сметка за купен производ или услуга ќе се генерираат нови поени.

Поените можат да се користат со следно купување, но најрано наредниот ден (после 24 часа).

Доколку, во согласност со законските прописи, Корисникот врати одреден производ, а за истиот биле впишани поени на неговата лична сметка, истите ќе бидат сторнирани.

Корисниците може да направат увид во состојбата на поените преку интернет страната, на секоја локација на МОТОЦЕНТАР ДОО, со приложување на нивната МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичка или преку контактирање на нашата служба за лојални корисници (е-пошта: info@motocentar.com.mk тел: 02 3095 777 и 02 2774 144 ).

Корисниците ќе бидат редовно известувани за тековната состојба на МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичката, најмалку еднаш месечно, по електронска пошта.

## 6. КОРИСТЕЊЕ ПОЕНИ

Стекнатите поени имаат номинална вредност за размена еднаква на 1 денар за секој стекнат поен. (100 поени = 100 денари).

Поените од својата лична сметка можат да ги користат само Корисниците на МОТОЦЕНТАР ПЛУС клуб картичка.

Поените се користат така што при плаќање, корисникот однапред го информира вработениот на Продажното место дека ќе ги користи стекнатите поени при плаќањето.

Корисникот ја приложува неговата МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичка и со својот потпис потврдува дека плаќа со поени. Личната сметка на корисникот при таа продажба се намалува за онолкав износ колку што корисникот користи поени, пропорционално за сите производи за кои може да се плати со поени

Поените ќе бидат со важност до 24 месеци, сметано од датумот на генерирање на сметката.

Сметката од наплата со поени, се задржува и чува од страна на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, како документ кој ќе служи за да ја потврди искористеноста на плаќање со поени.

## 7. ОГРАНИЧУВАЊА

Поените не можат да се заменат за готовина.

Поените не можат да се подарат, да сепрефрлат или на друг начин да се направат достапни за кое било друго лице, освен за носителот на МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичката.

## 8. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНСТРУКЦИИ

За официјален начин на комуникација во програмата МОТОЦЕНТАР ПЛУС ќе се смета комуникацијата по писмен пат или по електронска пошта. Секој корисник при пристапувањето наведува е-пошта ( e-mail) за комуникација, а ќе се смета за уредно известен од МОТОЦЕНТАР за секоја информација која е доставена на наведената електронска адреса или по СМС на мобилен телефон.

Корисникот одговара за точноста на податоците на сопствената МОТОЦЕНТАР ПЛУС пристапница, и е должен да го извести МОТОЦЕНТАР за секоја промена на информациите, односно да ги ажурира истите на начин утврден во овие правила.

Корисникот може да направи измена на податоците дадени во пристапницата преку контактирање на нашата служба за лојални корисници, или по писмен пат на адреса на Издавачот, како и со доставување барање преку корисничкиот профил на веб страницата www.motocentar.com.mk.

Губењето на МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичката треба да се пријави на служба за лојални корисници на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, во најкраток рок (е-пошта: info@motocentar.com.mk тел: 02 3095 777 и 02 2774 144)

Евентуалната штета направена до моментот на пријавување на губењето на картичката паѓа на товар на Корисникот.

Издавачот ќе направи се што е во негова моќ да издаде нова картичка во случај на губење на МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичката во најкус можен рок.

Доколку најдете МОТОЦЕНТАР ПЛУС картичка, Ве молиме да се пријавите на нашата служба за лојални корисници, или да ја оставите на некое од продажните места на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје.

Корисникот на картичката е одговорен за одржување на картичката во добра состојба.

## 9. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

Корисникот може да престане да учествува во програмата МОТОЦЕНТАР ПЛУС на сопствено барање или може да биде еднострано исклучен од МОТОЦЕНТАР ПЛУС програмата за лојалност од страна на Издавачот доколку не се придржува до правилата за користење.

## 10. ПРЕКИН НА ПРОГРАМАТА или ИЗМЕНА НА УСЛОВИТЕ И ПРАВИЛАТА

Издавачот го задржува правото да ја прекине програмата МОТОЦЕНТАР ПЛУС за лојалност со претходно известување по е-пошта и на својот веб-портал.

Издавачот има право еднострано да ги смени правилата и условите за програмата МОТОЦЕНТАР ПЛУС без согласност на Корисникот, објавувајќи ги новите услови на МОТОЦЕНТАР ПЛУС Порталот.

## 11. ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Сите информации добиени од членовите на Програмата, вклучувајќи ги и нивните лични податоци, ќе бидат третирани согласно со интерните правила на Издавачот за заштита на лични податоци и соодветните прописи кои се во важност во Република Македонија.

Со прифаќање на условите на Програмата членовите на Програмата можат да изберат дали Издавачот да ги користи нивните лични податоци за директен (SMS и/или e-mail) маркетинг, а во согласност со законите во Република Македонија.

Со прифаќање на овие Правила, членот на Програмата се согласува неговите лични податоци да бидат регистрирани, зачувани и обработувани согласно со прописите во Република Македонија и интерните правила на Издавачот.

**12. ВО СЛУЧАЈ НА СПОР**

Корисникот и Издавачот ќе се обидат да ги решат сите спорни прашања спогодбено (по пат на медијација) а доколку тоа не е можно, Основен Суд Скопје ќе биде надлежен суд.

Скопје, 01.07.2019

За МОТОЦЕНТАР ДОО

____________________________